Општина Берово

Димитар Влахов 10, Берово
2330 Берово
**Тел/факс:**.033/471 057
**email:** so.berovo@t.mk

# Општина Берово

## Оделение за локален економски развој




**Г2 ПРОГРАМАЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2025 ГОДИНА**

Датум: Ноември 2024

Одделение за ЛЕР

Раководител:
Ѓорѓи Леовски

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ((„Службен Весник на Република Македонија" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 16 став 1 точка 3, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 30/09, 20/10, 20/19 и 47/21), Советот на Општина Берово на 53-тата седница одржана на 28.11.2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за**
**ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО**
**ЗА 2025 ГОДИНА**

## Г2 Поттикнување на развојот во туризмот

### Вовед

Туризмот претставува сложена, динамична, општествена и економска појава во современиот свет. Туристичкото стопанство кое ги создава туристичките услуги е сложен систем составен од голем број на единки и субјекти како што се: туристички организации и агенции, угостителски објекти, сместувачки капацитети, претпријатија, трговија, комунални услуги, занаетчиство, поединци кои даваат туристички услуги, производители на храна, земјоделци, јавни државни и локални институции и др. Сите тие субјекти, припаѓаат на различни стопански гранки, со што се создава една специфична сложена целина која е од огромно значење за општиот економски и социјален развој на Берово како туристичка дестинација. Развојот на туризмот претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив развој. Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив развој на туризмот со одржлив економски раст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на туризмот и подобрување на квалитетот на живот за сите во заедницата. Со стратешкото планирање и развојот на туризмот во Општина Берово, локалната заедница врши конкретен чекор кон спроведување на ефектите од децентрализацијата како процес и јакнењето на демократските односи, а посебно вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

Посакуваниот резултат во следните години е Општина Берово да создаде поголем број на туристички дестинации кои ќе бидат препознатливи по природното и културно наследство на регионот, традиционалната храна како и по луѓето кои живеат на тој простор. Овие дестинации треба да бидат комплетно приспособени за туристите кои ќе ги посетуваат како и по современи стандарди.

Активностите во програмта се темелат врз предвидените развојни цели и програми преку Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029.

(https://berovo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/12/Strategija-za-razvoj-na-turizam-vo-Opshtina-Berovo-2019.pdf)

Стратегијата е усвоена со Одлука за донесување на Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029 година, Бр.09-2447/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.07.2019 година година во соработка со локалните чинители и со помош на експерти од областа на туризмот. Предлозите и насоките за развој се одвиваа во неколку сесии на кои граѓаните, институциите, бизнис заедницата и граѓанските организации дава предлози за развој на туризмот во општината.

Со програмата за поттикнување на развојот на туризмот, вклучени се активностите за работа и буџетското планирање на средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој, при што одделението за Локален Економски Развој, за буџетската 2025 година ја предвидува програмата поврзана со буџетската ставка Г2: Поттикнување на развојот на туризмот.

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој-**Буџетот на Општина Берово | 500.000,00 |
| **2.** | **Приходи по други основи - донации** | / |
| | **Вкупно** | **500.000,00** |

**Стратешки проиритети**

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е насочена кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратешките документи на општината и усвоените приоритети во кои пред се спаѓа Интегрираниот план за локален развој на општина Берово за 2019-2022 година. Развојот на туризмот е еден од столбовите за одржлив развој на општината. Берово е една од туристичките дестинации која е препознаена во земјава и пошироко во регионот. Програмата ги дефинира оснвните параметри и во истата по изработка на Стратегијата ќе се релизираат приоритетните активности кои во текот на 2025 ќе бидат вклучени и тоа:

- Дефинирање на туристичкиот производ и понуда и нивна промоција и презентација,
- Подобрување на квалитетот на постојната и изградба на нова инфраструктура,
- Институционално јакнење и развој на човечки ресурси,
- Утврдување на Берово како сериозна туристичка дестинација

**1. ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ**

## 1.1 Управување со туризмот (евиденција, регистрација, категоризација и стандардизација)

Согласно ингеренциите на локалната самоуправа со процесот на децентрализација во областа на туризмот, во надележност на градоначалникот е водење на регистар на физички лица кои имаат сместувачки капацитети од мал обем до 20 легла. Преку одделението за ЛЕР ќе продолжат активностите за евиденција, регистрација и категоризација на сместувачките капацитети од мал обем.

Предвиден Буџет ______________________________ .

## 1.2 Туристички информативен пункт

Во соработка со НУ Завод и Музеј Штип под чии ингеренции е туристичкиот инфо центар (ТИЦ) во Берово е воспоставена партнерски соработка со изработувачите на сувенрир и ракотворби и истите беа дел од понудата за продажба на локални сувенири во ТИЦ. Базата на податоци што започна и беше креирана ќе продолжи да се обновува со собрање на информации за целокупната туристичка понуда (сместување, угостителски објекти, туристички атракции, локални производи и сувенири, услуги и транспорт), како и креирање на податоци за официјалната веб страница http://visitberovo.mk/ .

Предвиден Буџет ______________________________ .

**Вкупно планиран буџет за 1: 0,00 ден.**

## 2. ПРОМОЦИЈА НА БЕРОВО И МАЛЕШЕВИЈАТА КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

## 2.1 Промоција на туристичката понуда

Промоција на туристичката понуда на Берово и регионот ќе се врши преку електронските и печатени медиуми, учество во радио и тв емисии, поставување на банери и во соработка со туристичките портали.

Печатење на билборди за две локации во градот и обновување на туристички информативни табли кои се оштетени.

Предвиден буџет ______________________________ 250.000,оо ден

## 2.2 Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките производи

Активна и непосредна презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенефит на најширок круг на семејства и граѓани на општината е целта на оваа програмска активност. Во рамкина оваа програмска активност ќе се реализираат повеќе видови на манифестации, меѓу кои:

- Ратевски бамбурци,
- Избор на најцврсто и најубаво украсено јајце-Велигден
- Владимирски илинденски средби
- Илинденски видувања „Вршник" во с. Русиново
- Саем на локални производи Малешевијата на дланка

Во рамки на стратешките определби за развој на туризам, а со тоа и на севкупниот економски развој, општина Берово има потреба од изградба на инфраструктура со дополнителни рекреативни и спортски содржини за збогатување на туристичката понуда особено во локалитетот на Беровско езеро како што е осветлување, пешачки патеки и друга урбана опрема за сигнализација.

Ослободување од плаќање на комунална такса за користење на плоштадот во Берово (локација - уредена јавна површина – мини плоштад кај Домот на културата во Берово), за период од месец април 2025 заклучно со месец декември 2025 година, а за поставување на урбана опрема-тезги на јавна површина за продажба на отворено. Оваа мерка е со цел поддршка на локалните жители за збогатување на туристичката понуда, развој на руралниот туризам и стимулирање на локалната економија преку промоција на традиционалните производи, поддршка на локалното производство и нивна поголема достапност до посетителите и туристите во општината.

Предвиден буџет 250.000,oo ден

**Вкупно планиран буџет за 2: 500.000,00 ден.**

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 500.000,00 ден.**

## 3. Рекапитулар

**ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2025 ГОДИНА**

| Бр. | Активност | Опис | Средства од буџет МКД | Средства од донации | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ | 1.1 Управување со туризмот (евиденција, регистрација, категоризација, и стандардизација) | / | / | / |
| | | 1.2 Туристички информативен пункт | / | / | / |
| ВКУПНО 1. | | | / | / | / |
| | | | | | |
| 2. | ПРОМОЦИЈА НА БЕРОВО И МАЛЕШЕВИЈАТА КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА | 2.1 Промоција на туристичката понуда | 250.000 | / | **250.000** |
| | | 2.2 Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките производи | 250.000 | / | **250.000** |
| ВКУПНО 2. | | | 500.000 | / | 500.000,00 |
| | | | | | |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2025** | | | **500.000,00** | / | **500.000,00** |

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Берово”.

Број. 09-3946/1
28.11.2024 год.
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Петар Ружински